Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 72, 10 декември 2011 година

декември 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за научните области електронски компоненти и интегрирана електроника на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународни економски односи и меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис за учебник „Методика на наставата по книжевност-литературното дело и рецепиентот” од проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Е-бизнис“ (учебник) од авторот проф. д-р Ристе Темјановски од Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на книгата „Трансфузиски трансмисивни заболувања” од авторите д-р Никола Камчев и д-р Милка Камчева од Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на програмирање“ од авторот д-р Владо Гичев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ТРГОВСКО ПРАВО“ ОД М-Р БОРКА ТУШЕВСКА, АСИСТЕНТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-168/06 од 19 октомври 2011 год., Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на својата редовна седница, одржана на 19.10.2011 год., ги избра рецензентите:

- проф. д-р Гале Галев – редовен професор во пензија,
- проф. д-р Љупчо Блажевски – вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип,
- проф. д-р Војо Беловски – доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на „**СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ТРГОВСКО ПРАВО**“ од **м-р Борка Тушевска**, асистент на Правниот факултет.

Комисијата во горенаведениот состав направи детална анализа и преглед на „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ТРГОВСКО ПРАВО“ и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

СКРИПТАТА е од областа на трговското право. Составена е од девет глави во кои се содржани тематски единици од статусно и договорно трговско право. Во СКРИПТАТА се користени релевантни извори коишто авторот на соодветен начин ги употребува при проучувањето на прашањата коишто ги анализира.

Основниот текст на СКРИПТАТА содржи поглавја кои во целост кореспондираат со Наставниот план и програма на Правниот факултет на сите насоки на кои се изучува предметот. Предметот за којшто е наменета СКРИПТАТА се слуша во трета година во шести семестар на Правосудна насока и Јавна администрација, со неделен фонд 2+1+1 со 6 кредити.

Во првиот дел од СКРИПТАТА авторот прави краток осврт на историскиот развој, поим и предмет на изучување на трговското право, создавајќи претстава за основите на трговското право и делокругот на работи коишто се предмет на негово изучување. Во овој дел, големо внимание се посветува на *односот на трговското право со останатите правни гранки,* преку што реално се детерминира и предметот на изучување на оваа правна дисциплина. Сепак, акцентот е ставен на субјектите/трговците во прометот, начинот на нивното основање и застапување во односите со трети лица. Авторот посебно се задржува на застапништвото како генерален концепт, од кои понатаму се развиваат повеќе или помалку идентични категории на застапништво. Преку анализа и елаборација на овие три (клучни) прашања на оваа проблематика се поставуваат основните на статусното трговско право.

Во вториот дел, авторот логично пристапува кон разработување на формите на трговските друштва. Без да навлегува во детали, во овој дел се наведени спецификите на одделните трговски друштва, со цел да се укаже на основите врз база на коишто се прави дистинкцијата помеѓу *персоналните и капиталните трговски друштва*.

Третиот дел од СКРИПТАТА се однесува на *реорганизацијата на трговските друштва*. Во овој дел се елаборирани статусните промени коишто ги познава ЗТД – спојување, припојување и поделба на трговските друштва. Свесен за комплексноста на прашањето, авторот на успешен начин ги издвоил елементарните прашања врзани со оваа проблематика, што претставува солидна база за студентите од трета година на правни студии.

Во четвртата глава предмет на обработка се посебните видови трговски друштва – *стопанската интересна заедница, тајното друштво, странско трговско друштво и странски трговец поединец*. Со оваа глава се заокружува делот на статусно трговско право.

Во петтиот дел се елаборираат трговските договори како правни инструменти за задоволување на потребите на трговците. Пред да се впушти во анализа на секој договор поединечно, авторот елаборира одредени базични концепти на договорното право како студентите би се подготвиле за понатамошно продлабочување на своите знаење и изучување на она што значи *differentia specifica* за секој договор поединечно.

Во шестата и седмата глава, предмет на проучување се посебните видови именувани и неименувани договори на облигационото право – *договор за продажба, договор за комисион, договор за застапување, договор за шпедиција, договор за складирање, договор за франшизинг, договор за лиценца, договор за форфертинг, договор за факторинг* итн. Во овие две глави на систематизиран и прецизен начин е направен преглед на суштествените карактеристики на договорите коишто се обработуваат. Авторот на успешен начин успеал да ја презентира нишката којашто ги поврзува одредени договори во прометот. Преку ова, студентите имаат можност да ги совладаат основните концепти на договорното право што е предуслов за понатамошно совладување на оваа проблематика. Поврзувајќи ги преку заедничките карактеристики и истакнувајќи ги нивните специфики, на студентите им се овозможува поедноставно од една страна, а од друга страна потемелно совладување на проблематиката договорно право.

Во осмата глава предмет на елаборирање се банкарските работи. Во овој дел се анализираат договорите во коишто речиси секогаш една од договорните страни е банката.

Конечно, во деветтата глава е направен сумарен преглед на одделните видови хартии од вредност, со посебен акцент на видовите хартии од вредност, нивната правна природа и функција во стопанството.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Материјалот анализиран и елабориран во „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ТРГОВСКО ПРАВО“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Трговско право. Според начинот на којшто е елаборирана материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на СКРИПТА поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на трговското право. Авторот успеал на сумарен и прецизен начин да ја презентира материјата што е предмет на изучување на трговското право. Без да навлегува во детали, тој успеал да го издвои битното од помалку битното што е целта на оваа скриптата како учебно помагало. Земајќи го сето ова предвид, на мислење сме дека овој материјал ги исполнува сите стандарди на **„СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ТРГОВСКО ПРАВО“** предвидена според програмата за студентите од трета година на Правен факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Гале Галев, редовен професор во пензија, с.р.**
**Д-р Љупчо Блажевски, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Војо Беловски, доцент, с.р.**